# Земјо поробена

Среда, 17 Април 2013 02:00

## ЗЕМЈО ПОРОБЕНА

Со векови земјо поробена
Со крв земјо натопена,
Кој не дошол во тебе да царува
О земјо моја македонско?
Секој дошол тебе да прекрсти
Еден кум со «Јужна Србија»,
Втор кум со «Стара Грција»,
Трети кум со «голема Бугарија».

Македонски народ поробен
И со сила в јарем впрегнат,
Вардар тече матен и крвав,
Пирин буен цел поцрнел.

А Егеј што да каже?
Гоцева родна земја
Метаксасова црна диктатура

Многу мајки во црно ги зави.
Македонска република мила
Со крв в борба сторена
Зошто пред нови неправди молчи,
Ниту гледа, ниту слуша?

Директори и министри
Со дебели плати и вили
Како турски паши и аги
Измеќари на крвникот Тито!

Заборавиле крвни браќа
Јанева родна земја,
Народ пишти, коси корни
Од фашистот Тодор Живков.

Егеј бурно заиграл
Од неправди и зулуми
Над Гоцева родна земја
Од разбојник Караманлис.

Ој народе мачен македонски
Разбуди се од тешкиот сон
Дали гледаш во Африка црна
Канибали стануват слободни!

Станувајте браќа мили
ДООМ ве вика на борба сите,
Богдановски кренал знаме
И по патот Гоцев оди
Да свој народ ослободи.

**Гоце Пелис**
Авст